**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Деловска**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански суд Скопје**
**Основен Кривичен суд Скопје**
**ул.Антоние Грубишиќ бр.2/1-4, Скопје**
**тел. 02 3111 533**

**Образец бр.66**

**И.бр.4190/2024**

Извршителот Весна Деловска од Скопје, врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Халк Банка АД Скопје со ЕДБ 4030993162028, ЕМБС 4627148 и седиште на ул.Св.Кирил и Методиј бр.54, засновано на извршната исправа Нотарски акт ОДУ бр.1096/20 од 25.11.2020 на Нотар Дарко Стојкоски, против должниците: **1. заложен должник Китан Митревски од Скопје со живеалиште на ул.Скупи 22 бр.41 и 2.** должник Оливера Митревска од Скопје со живеалиште на ул.Скупи 22 бр.41, за спроведување на извршување заради реализација на заложно право хипотека, на ден 18.11.2024 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** продажба со усно јавно наддавање на недвижноста на заложниот должник Китан Митревски од Скопје запишана во **ИЛ бр.5922 КО Злокуќани** при АКН на РСМ со следните ознаки:

**Лист Б:**

**-КП 558, дел 1, бр.на зграда 0, место викано Село, план /, скица 0, кат.култура ГЗ и ГИЗ, класа 0, со површина 218.24м2;**

**-КП 558, дел 1, бр.на зграда 1, место викано Село, план /, скица 0, кат.култура ГЗ и ЗПЗ, класа 0, со површина 113.69м2;**

**Лист В:**

**-КП 558, дел 1, адреса Скупи 22 бр.41, бр.на зграда 1, нам.на зграда А1-1, влез 1, кат ПР, број 1, нам.на посебен дел СТ, со површина 71м2;**

**-КП 558, дел 1, адреса Скупи 22 бр.41, бр.на зграда 1, нам.на зграда А1-1, влез 1, кат ПР, број 1, нам.на посебен дел ПП, со површина 21м2;**

која се наоѓа во сопственост на заложен должник Китан Митревски од Скопје;

Продажбата ќе се одржи на ден **17.12.2024 година** во **11:00 часот** во просториите на Извршителот Весна Деловска.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот, изнесува **72.866,00 Евра** во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажба како почетна цена за продажба на недвижноста, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: хипотека во корист на доверителот и Налог за извршување на Извршител Весна Деловска.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 250001002663794 која се води кај Шпаркасе Банка АД Скопје и даночен број МК5080010500763, со назнака гаранција за И.бр.4190/2024, **најдоцна до 16.12.2024 година. Доказ за извршена уплата на име гаранција е Извод од посебната сметка на Извршителот.**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на КИРСМ.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Весна Деловска

Д.-на: Доверител, Заложен должник, Град Скопје и Архива

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.